Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Конфедерациски Оддел за правда и полиција на Швајцарија ЕЈПД

**Сојузна служба за правда BJ**
Дирекциски сектор приватно право
Конфедерациска служба за водење матични книги

Состојба јули 2022

# Информации за брак во Швајцарија: права и обврски

# Бр. 150.3

Ова е краток преглед на брачните права и обврски во Швајцарија. Прегледот сам по себе не е правно-обврзувачки. Се применуваат исклучиво важечките законски одредби.

Швајцарските матични служби и швајцарските дипломатско-конзуларни претставништва во странство коишто го споделуваат овој лист со информации, како и Конфедерациската Служба за водење на матични книги ЕАЗВ немаат обврска да имаат советодавна улога. Ако имате прашања во врска со содржината на овој лист со информации, Ве молиме побарајте приватно консултација (од друштво за консалтинг, од адвокат, нотар и сл.).

## Права и обврски на сопружниците во Швајцарија

Следува преглед на најважните брачни права и обврски согласно швајцарските закони. Редоследот и по случаен избор и не е исцрпен

- **Бракот е дозволен само со навршени 18 години:** во Швајцарија минималната возраст за склучување брак за обата пола е 18 години. Дури откако двете лица ќе наполнат осумнаесет години, смеат да стапат во брак.
- **Секој може слободно да го избере сопствениот партнер или партнерка од спротивниот или од истиот пол; никој не може да биде присилен да склучи брак:** склучувањето на брак се темели на слободната волја на двете **лица.** Никој не смее да биде присилен против своја волја да стапи во брак.
- **Бракот обврзува на верност и поддршка**: обајцата сопружници делуваат за добробит на брачната заедница и ја почитуваат личноста на другото лице. Секој сопружник се однесува лојално кон другиот сопружник и му/ѝ дава поддршка.
- **Еднакви права за** жените и мажите **во сите области на бракот; сопружниците се рамноправни:** секоја сопруга и секој сопруг имаат еднакво право на глас за сите прашања и мислењето на едниот/едната ја има истата тежина како и мислењето на другиот/другата.
- **Заедничко договарање за распределбата на задачите во бракот (работа надвор од домот, работа во домот):** обајцата сопружници се рамноправни. Задачите кои ќе се појават во бракот се секогаш заеднички задачи. Сопружниците се договараат меѓусебно, кој која задача ќе ја преземе.
- Заедничко плаќање за издршката на семејството: и тука нема пропишана распределба на задачите, сопружниците се обврзани заедно да ја плаќаат издршката на семејството. Меѓусебно се договораат кој како и колку ќе придонесува за издршка на семејството.
- **Заедничка грижа за децата**: обата сопружници се обврзани да се грижат за децата, да ги воспитуваат, да ги негуваат и да ги штитат од опасности.

- **Без телесно, психичко или сексуално насилство во бракот и семејството:** секој којшто ќе го удри или малтретира сопругот односно сопругата или децата може да биде кривично гонет.  Никој нема право телесно да казнува членови на семејството.
- **Секој сопруг односно секоја сопруга има право да побара судска заштита ако другиот или другата ги повредува брачните обврски:** ако едниот сопружник не ги исполнува неговите односно нејзините обврски кон семејството или ако сопружниците не се согласуваат за одредено прашање кое е важно за брачната заедница, тогаш тие можат заедно или поединечно да побараат посредување од судот.
- **Секој има право да се разведе:** бракот може да заврши со развод. Ако и двајцата сопружници сакаат да се разведат, тогаш тие може заедно да побараат развод од судот.  Ако само едно од двете лица сака да се разведе, тогаш тоа лице поднесува тужба за развод пред судот.